**ПРИЛОГ 3.Г:**
**ОПИС НА ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ**

**Содржина**

ПРИЛОГ 3.Г-1: .......... 2

УСЛУГА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ/РЕСТРИКЦИЈА НА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОВИКУВАЧКА ЛИНИЈА .......... 2

1. Краток опис на услугата .......... 2
2. Услови за користење на Услугата .......... 2
3. Надоместоци,фактурирање .......... 2
4. Параметри за квалитет .......... 3
5. Одговорност .......... 3

ПРИЛОГ 3.Г-2: .......... 4

УСЛУГА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ/РЕСТРИКЦИЈА НА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОВИКАНА ЛИНИЈА .......... 4

1. Краток опис на услугата .......... 4
2. Услови за користење на Услугата .......... 4
3. Надоместоци, фактурирање .......... 4
4. Параметри за квалитет .......... 5
5. Одговорност .......... 5

ПРИЛОГ 3.Г-3: .......... 6

УСЛУГА ЗА ПРЕНОС НА ПАРАМЕТРИ НА ПРЕНАСОЧЕН ПОВИК .......... 6

1. Краток опис на услугата .......... 6
2. Услови за користење на Услугата .......... 6
3. Надоместоци,фактурирање .......... 7
4. Параметри за квалитет .......... 7
5. Одговорност .......... 7

# ПРИЛОГ 3.Г-1: УСЛУГА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ/РЕСТРИКЦИЈА НА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОВИКУВАЧКА ЛИНИЈА

## 1. Краток опис на услугата

### Услуга За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија

Со Услугата За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија Давателот На Услуги и ја пренесува на Страната Барател, во согласност со Системот За Сигнализација, во врска со Повикот кој оригинира од Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги вредноста на сигнализацискиот елемент која означува претставување или рестрикција на претставување на повикувачката линија, поставена врз основа на изјавата на повикувачката страна (Барање за дополнителни услуги), за да овозможи телефонскиот број на повикувачката Претплатничка Пристапна Точка да може да се користи за претставување кај повиканата Претплатничка Пристапна Точка од Страната Барател или од страната која што обезбедува Услуги За Терминирање На Повик на Страната Барател.

## 2. Услови за користење на Услугата

**2.1** Командата за управување со бројот за идентификација на повикувачката линија (Број ‘А’) е вклучена во согласност со Системот За Сигнализација во сигнализацискиот елемент „address presentation restricted на indicator” на „Calling Party Number” параметарот.

**2.2** Страната Барател која што го терминира Повикот може да го пренесе бројот за идентификација на повикувачка линија (Број ‘А’) за претставување до повиканиот Претплатник само доколку сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator” на „Calling Party Number” параметарот е поставен на вредност „presentation allowed”. Во случај кога повиканиот Претплатник има активирано дополнителна услуга CLIR Override, сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator” не се зема во предвид и бројот за идентификација на повикувачката линија (Број ‘А’) се преставува кај повиканиот Претплатник.

**2.3** Услугата За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија може да ја користи Страната Барател којашто користи Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк.

**2.4** Кај Итните Повици вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator” на „Calling Party Number” параметарот не се зема во предвид и бројот за идентификација на повикувачка линија (Број ‘А’) секогаш се преставува кај дадената станица на службата за итни повици независно од изјавата (Барање за дополнителни услуги) направена од повикувачката страна.

**2.5** Во однос на Повиците оригинирани од Претплатничката Пристапна Точка од Мрежата на Давателот На Услуги, Давателот На Услуги ја поставува вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator” на „Calling Party Number” параметарот во согласност со изјавата (Барање за дополнителни услуги) направена од повикувачката страна.

**2.6** Во однос на Повиците оригинирани од Претплатничката Пристапна Точка од Мрежата на Давателот На Услуги поврзани на централа без ISUP систем за сигнализација Давателот На Услуги ја поставува вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator” на „Calling Party Number” параметарот на „presentation allowed”.

## 3. Надоместоци,фактурирање

**3.1** Услугата За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија ја обезбедува Давателот На Услуги, а ја користи Страната Барател.

**3.2** Страната Барател плаќа за користењето на Услугата За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија Надоместоци За Услуга дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) – врз основа на Еднократен Надомест и Месечен Надомест (Еднократен Надомест и Месечен Надомест За Пакет Дополнителни Услуги) – по фактура издадена од Давателот на Услуги.

## 4. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| **Параметар за квалитет** | **Стандардно ниво** |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br>а) доколку од Страната Барател е побарано рутирање до Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се воспостави во согласност со Распоредот За Имплементација, пред да биде прифатен Распоредот За Имплементација<br>б) во друг случај (претпоставувајќи дека постои Телефонски Интерконекциски Линк) | од успешното завршување на Тестот За (Проширување На) Системите За Комутација За Интерконекција што треба да се спроведе на Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се стави во функција<br>1 (еден) месец |
| Време На Отстранување На Грешка | 24 часа идентично со истото за Услугата За Телефонски Интерконекци ки Линк |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

## 5. Одговорност

**5.1** Давателот На Услуги е одговорен за пренесување на вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator” на „Calling Party Number” параметарот до Интерконекциската Точка во врска со Повикот оригиниран од Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги со поставување во согласност со изјавата (Барање за дополнителни услуги) дадена од повикувачката страна.

**5.2** Страната Барател е одговорна кон своите Претплатници за Услугата За Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија обезбедена на Претплатничката Пристапна Точка на нејзината мрежа.

**5.3** Страната Барател ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ја користат нејзината услуга.

## ПРИЛОГ 3.Г-2:
## УСЛУГА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ/РЕСТРИКЦИЈА НА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОВИКАНА ЛИНИЈА

### 1. Краток опис на услугата

**Услуга За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација на Повикана Линија**

Со Услугата За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикана Линија Давателот На Услуги и ја пренесува на Страната Барател, во согласност со Системот За Сигнализација, во врска со Повикот насочен кон Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата На Давателот На Услуги вредноста на сигнализацискиот елемент која означува претставување или рестрикција на претставување на поврикана линија, поставена врз основа на изјавата на повиканата страна (Барање за дополнителни услуги), за да овозможи телефонскиот број на поврзаната Претплатничка Пристапна Точка да може да се користи за претставување кај повикувачката Претплатничка Пристапна Точка од Страната Барател или од страната која што обезбедува Услуга За Оригинирање На Повик за Страната Барател.

### 2. Услови за користење на Услугата

**2.1** На барање, Давателот На Услуги го пренесува поврзаниот број до Страната Барател. Командата за управување со поврзаниот број е вклучена во согласност со Системот За Сигнализација во сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Connected Number" параметарот.

**2.2** Страната Барател може да го пренесе поврзаниот број за претставување до Претплатникот кој што го оригинирал Повикот само доколку сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Connected Number" параметарот е поставен на вредност „presentation allowed".

**2.3** Услугата За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикана Линија може да ја користи Страната Барател којашто користи Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк.

**2.4** Во однос на Повиците насочени кон Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги, Давателот На Услуги ја поставува вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Connected Number" параметарот во согласност со изјавата (Барање за дополнителни услуги) дадена од повиканата страна.

**2.5** Во однос на Повици терминирани на Претплатничка Пристапна Точка, која не е ISDN, на Мрежата На Давателот На Услуги, Давателот На Услуги ја поставува вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Connected Number" параметарот на „presentation allowed".

### 3. Надоместоци, фактурирање

**3.1** Услугата За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикана Линија ја обезбедува Давателот На Услуги, а ја користи Страната Барател.

**3.2** Страната Барател плаќа за користењето на Услугата За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикана Линија Надоместоци За Услуга дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) – врз основа на Еднократен Надомест и Месечен Надомест (Еднократен Надомест и Месечен Надомест За Пакет Дополнителни Услуги) – по фактура издадена од Давателот на Услуги.

## 4. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| **Параметар за квалитет** | **Стандардно ниво** |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br>а) доколку од Страната Барател е побарано рутирање до Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се воспостави во согласност со Распоредот За Имплементација, пред да биде прифатен Распоредот За Имплементација<br>б) во друг случај (претпоставувајќи дека постои Телефонски Интерконекциски Линк) | <br>од успешното завршување на Тестот За (Проширување На) Системите За Комутација За Интерконекција што треба да се спроведе на Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се стави во функција<br>1 (еден) месец |
| Време На Отстранување На Грешка | 24 часа |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

## 5. Одговорност

**5.1** Давателот На Услуги е одговорен за пренесување на вредноста на сигнализацикиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Connected Number" параметарот до Интерконекциската Точка во врска со Повикот со одредиште до Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги, со поставување во согласност со изјавата (Барање за дополнителни услуги) дадена од повиканата страната.

**5.2** Страната Барател е одговорна кон своите Претплатници за Услугата За Претставување На Идентификација На Повикана Линија обезбедена на Претплатничката Пристапна Точка на нејзината мрежа.

**5.3** Страната Барател ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ја користат нејзината услуга.

# ПРИЛОГ 3.Г-3:
# УСЛУГА ЗА ПРЕНОС НА ПАРАМЕТРИ НА ПРЕНАСОЧЕН ПОВИК

## 1. Краток опис на услугата

**Услуга За Пренос На Параметри На Пренасочен Повик**

Со Услугата За Пренос На Параметри На Пренасочен Повик, Давателот На Услуги и ја пренесува на Страната Барател, во согласност со Системот За Сигнализација, во врска со Повикот што е пренасочен од Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги вредноста на сигнализацискиот елемент која означува претставување или рестрикција на претставување, поставена врз основа на изјавата (Барање за дополнителни услуги) на Претплатникот кој прв и Претплатникот кој последен го пренасочил Повикот, за да овозможи телефонскиот број на Претплатничката Пристапна Точка која што го пренасочила Повикот да може да се користи од Страната Барател исто за претставување кај Претплатничката Пристапна Точка кон која бил пренасочен Повикот.

## 2. Услови за користење на Услугата

**2.1** Командата за управување со бројот за идентификација на повикувачката линија која прва го пренасочила Повикот (првобитно повиканиот број) е вклучена во согласност со Системот За Сигнализација во сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Original Called Number" параметарот.

**2.2** Командата за управување со бројот за идентификација на повикувачка линија која последна го пренасочила Повикот е вклучена во согласност со Системот За Сигнализација во сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Redirecting Number" параметарот.

**2.3** Околностите на пренасочување на Повик се вклучени во Системот За Сигнализација во сигнализацискиот елемент „redirecting reason" на параметарот „Redirection Information".

**2.4** Страната Барател која што го терминира Повикот може да го пренесе бројот за идентификација на линијата која прва и линијата која последна го пренасочила Повикот за претставување кај Претплатничката Пристапна Точка каде што Повикот бил пренасочен доколку сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Original Called Number" и "Redirecting Number" параметрите е поставен на вреднсот „presentation allowed".

**2.5** Услугата За Пренос На Параметри За Пренасочен Повик може да ја користи Страната Барател којашто користи Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк.

**2.6** Во однос на Повиците пренасочени од Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги, Давателот На Услуги ја поставува вредноста на сигналнизацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Original Called Number" параметарот во согласност со изјавата (Барање за дополнителни услуги) дадена од Претплатникот кој прв го пренасочил Повикот.

**2.7** Во однос на Повиците пренасочени од Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги, Давателот На Услуги ја поставува вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator" на „Redirecting Number" параметарот во согласност со изјавата (Барање за дополнителни услуги) дадена од Претплатникот кој последен го пренасочил Повикот.

**2.8** Во однос на Повици пренасочени од Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги поврзана на централа без ISUP систем за сигнализација Давателот На Услуги ја поставува вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted

indicator” на „Original Called Number” и „Redirecting Number” параметрите на „presentation restricted”.

**3. Надоместоци,фактурирање**

**3.1** Услугата За Пренос На Параметри На Пренасочен Повик ја обезбедува Давателот На Услуги, а ја користи Страната Барател.

**3.2** Страната Барател плаќа за користењето на Услугата За Пренос На Параметри На Пренасочен Повик Надоместоци За Услуга дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) – врз основа на Еднократен Надомест и Месечен Надомест (Еднократен Надомест и Месечен Надомест За Пакет Дополнителни Услуги) – по фактура издадена од Давателот на Услуги.

**4. Параметри за квалитет**

Целни вредности:

| **Параметар за квалитет** | **Стандардно ниво** |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br><br>a) доколку од Страната Барател е побарано рутирање до Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се воспостави во согласност со Распоредот За Имплементација, пред да биде прифатен Распоредот За Имплементација<br><br>b) во друг случај (претпоставувајќи дека постои Телефонски Интерконекциски Линк) | <br><br>од успешното завршување на Тестот За (Проширување На) Системите За Комутација За Интерконекција што треба да се спроведе на Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се стави во функција<br><br>1 (еден) месец |
| Време На Отстранување На Грешка | 24 часа |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

**5. Одговорност**

**5.1** Давателот На Услуги е одговорен за пренесување на вредноста на сигнализацискиот елемент „address presentation restricted indicator” на „Original Called Number” и „Redirecting Number” параметрите до Интерконекциската Точка во врска со Повикот што е пренасочен од Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги, со поставување во согласност со изјавата (Барање за дополнителни услуги) дадена од страна на Претплатникот (Претплатниците) кој го активира пренасочувањето.

**5.2** Страната Барател е одговорна кон своите Претплатници за Услугата За Пренос На Параметри На Пренасочени Повици обезбедена на Претплатничката Пристапна Точка на нејзината мрежа.

**5.3** Страната Барател ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ја користат нејзината услуга.